**Известување за концентрациjа со коjа НИС АД НОВИ САД (*NIS AD NOVI SAD*), Нови Сад, Србија ќе стекне директна единствена контрола над ХИП-ПЕТРОХЕМИЈА АД ПАНЧЕВО (*HIP-PETROHEMIJA AD PANCEVO*), Панчево, Србија (предмет бр. 08-9/2022)**

Согласно член 15 од Законот за заштита на конкуренциjата (Службен весник на Република Македониjа бр.145/10, 136/11, 41/14, 53/16 и 83/18), на ден 10.01.2022 година, Комисиjата за заштита на конкуренциjата прими известување за концентрациjа со коjа НИС АД НОВИ САД (*NIS AD NOVI SAD*), со регистрирано седиште Народен фронт 12, Нови Сад, Србија (*Narodnog fronta 12, Novi Sad, Serbia*), ќе стекне директна единствена контрола над ХИП-ПЕТРОХЕМИЈА АД ПАНЧЕВО (*HIP-PETROHEMIJA AD PANCEVO*), со регистрирано седиште на ул. Спољностарчевачка 82, 26000, Панчево, Србија (*Spoljnostarchevacka 82, 26000 Panchevo, Serbia*).

НИС АД НОВИ САД е вертикално интегрирана енергетска компанија. Главните активности на НИС АД НОВИ САД и неговите зависни друштва ("Групација на Стекнувач") вклучуваат истражување, производство и рафинирање на нафта и природен гас, продажба и дистрибуција на широк асортиман на нафтени производи, како и реализација на проекти во полето на петрохемија и енергетика.

Стекнувачот и Групацијата на Стекнувачот немаат корпоративно присуство во Северна Македонија.

ХИП-ПЕТРОХЕМИЈА АД ПАНЧЕВО е српска петрохемиска компанија основана во 1975 година. Производствените капацитети на ХИПП опфаќаат 241 хектар во индустриската зона Панчево, во Елемир, во близина на Зрењанин и Црепаја, во близина на Панчево во Србија. Главните производи вклучуваат таканаречени едноставни (ниско молекуларни) хемиски производи (*base chemical products*), полимери и полиетиленски цевки.

ХИП-ПЕТРОХЕМИЈА АД ПАНЧЕВО нема корпоративно присуство во Северна Македонија.

*Врз основа на прелиминарното испитување Комисиjата утврди дека предметната концентрациjа може да потпаднe под одредбите на Законот за заштита на конкуренциjата. Сепак конечната одлука по ова прашање е резервирана.*

*Комисиjата ги повикува заинтересираните трети страни да достават забелешки и мислења за оваа концентрациjа до Комисиjата. Забелешките и мислењата на заинтересираните трети страни можат да се испратат на факс: 02 3296 466, на адреса: ул. Св. Кирил и Методиj 54, Скопjе или по e-mail: kzk@kzk.gov.mk и истите треба да пристигнат до Комисиjата во рок од 10 дена од денот на објавување на ова известување.*

11.01.2022 година
Скопjе